Во битката за врвот Металург и Вардар одиграа 1-1 со што и двете екипи останувaат непоразени и на чело на прволигашката табела.Во битката под шара Тетекс го доби вечното дерби против тимот на Шкендија. Иако Шкендија важеше за фаворит сепак со одлична тактичка поставеност Тетекс победи со 2-0 и се до наредниот дуел меѓу овие два ривала Тетово ќе биде обоено во сино-бело.Големо изненадување приреди тимот на Охрид 2004 кој на “Филип Втори“ арената со пресврт го совлада тимот на Работнички со 1-2 .На неутрален терен во Струга Силекс беше поуспешен против фенерџијата во лигата 11 Октомври со резултат 1-2, додека нерешено завршија дуелите Напредок-Ренова 1-1 и Турново-Брегалница 2-2.